**ОБЕДИНЕТИ НАЦИИ**

| | | |
|---|---|---|
| | Меѓународен суд за кривично гонење на лица одговорни за тешки кршења на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија од 1991 година | Предмет бр.: IT-04-82- A<br>Датум: 22. октомври 2008<br>Оригинал: англиски |

**<u>ВО ПРЕДЖАЛБЕНА ПОСТАПКА</u>**

Пред: Судија Фаусто Покар, Претседател на Жалбениот совет
Судија Мухамед Шахабудин
Судија Андресиа Ваз
Судија Лиу Дакун
Судија Теодор Мерон

Секретар: г. Ханс Холтхуис

Датум на одлука: 22. октомври 2008

**ОБВИНИТЕЛОТ**

**против**

**Љубе БОШКОВСКИ**
**Јохан ТАРЧУЛОВСКИ**

*Јавно*

# РЕШЕНИЕ ПО ВТОРОТО БАРАЊЕ НА ЈОХАН ТАРЧУЛОВСКИ ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РОКОТ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ЖАЛБЕН ПОДНЕСОК

**<u>Застапник на Канцеларијата на обвинителот:</u>**
Г-дин Пол Роџерс

**<u>Застапник на Јохан Тарчуловски :</u>**
Г-дин Алан М. Дершовиц
Г-дин Натан З. Дершовиц
Г-дин Антонио Апостолски

**<u>Застапник на Љубе Бошкоски :</u>**
Г-ѓа Едина Решидовиќ
Г-дин Генаил Метро

**Жалбениот совет** на Меѓународниот суд за кривично гонење на лица одговорни за тешки кршења на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија од 1991 (понатаму во текстот: Жалбен совет и Меѓународен суд);

**ОДКАКО ГО ДОБИ** "Барањето" на Алан М. Дершовиц во својство на застапник на одбраната на Тарчуловски за време на жалбената постапка "за продолжување на временскиот рок за доставување на Жалбениот поднесок" ( понатаму во текстот: Барање), поднесено на 20. октомври 2008 од страна на застапникот на Јохан Тарчуловски (понатаму во текстот: Тарчуловски);

**ИМАЈЌИ ПРЕДВИД** дека, согласно со Правилото 111 (А) од Правилникот за постапка и докази на Меѓународниот суд (понатаму во текстот: Правилник), Жалбениот поднесок треба да се достави во рок од 75 дена од датумот на поднесување на најава за жалба;

**ЗЕМАЈЌИ ЈА ПРЕДВИД** одлуката на дежурниот судија од 5. август 2008 со која се отфрла барањето за продолжување на рокот за поднесување најава за жалба[1];

**ИМАЈЌИ ПОНАТАМУ ПРЕДВИД** дека согласно со Правилникот, рокот за доставување на Жалбениот поднесок на Тарчуловски (понатаму во текстот: Жалбен поднесок) истекнува на 23. октомври 2008;

**ИМАЈЌИ ПРЕДВИД** дека на 16. октомври 2008, Преджалбениот судија го отфрли "Барањето на Тарчуловски за продолжување на временскиот рок за доставување на жалбениот поднесок" поднесено на 1. октомври 2008 во коешто бара да му се продолжи рокот за доставување на жалбениот поднесок за 75 дена од денот кога ќе го добие преводот на Судската пресуда;[2]

**ИМАЈЌИ ПРЕДВИД** дека согласно со правилата 127 (А)(i) и (Б) од Правилникот, Жалбениот совет може да го "продолжи или скрати временскиот рокот предвиден во Правилникот " доколку има основана причина за тоа;

**СО ОГЛЕД НА** тоа дека во барањето се бара продолжување на временскиот рок до 15. февруари 2008 и земајќи предвид дека како "главен одговорен застапник во тек на жалбената постапка" на новоназначениот застапник на одбраната му треба можност да го разгледа опсежното жалбено досие[3] а само неодамна добил дел од жалбеното досие[4] и сеуште немал можност да се консултира со поранешниот главен застапник на одбраната;[5]

---

[1] Одлука во однос на Барањето на Јохан Тарчуловски за продолжување на рокот за поднесување најава за жалба, 5. август 2008.

[2] Одлука во однос на Барањето на Јохан Тарчуловски за продолжување на временскиот рок за доставување на жалбен поднесок, 16. октомври 2008 ("Одлука кон Првото барање за продолжување на временскиот рок").

[3] Барање, став 3-4 и 10.

[4] Барање, став 7.

[5] Барање, став 9.

**СО ОГЛЕД НА** тоа дека новоназначениот застапник на одбраната понатаму тврди дека одкако прочитал делови од материјалот сигурен е дека временскиот рок до 23. октомври нема да му овозможи целосно да го разгледа досието и до го спреми жалбаниот поднесок, и би можел да доведе до "крајна" неправедност";[6]

**ИМАЈЌИ ПРЕДВИД** дека новоназначениот застапник на одбраната истотака тврди дека и доколку покасно се одобрат измени и дополненија на Жалбениот поднесок тоа не би било решение за фактот дека под сегашни околности тој не е во можност да одлучи кои прашања треба или мора да се подигнат во Жалбениот поднесок и како резултат на тоа всушност би дошло до поднесување на два жалбени поднесоци;[7]

**ЗЕМАЈЌИ ПРЕДВИД** дека на 10. октомври 2008, Канцеларијата на обвинителот (понатаму во текстот: Обвинителство) достави "Одговор на Обвинителството кон Барањето на Алан М. Дершовиц како застапник на Тарчуловски во тек на жалбената постапка за продолжување на временскиот рок за доставување на жалбениот поднесок" (понатаму во текстот: Одговор);

**ИМАЈЌИ ПРЕДВИД** дека Обвинителството прифаќа дека за продолжување на временските рокови одлучува Жалбениот совет[8] но сепак смета дека судската пракса на Меѓународниот суд не го поддржува заклучокот дека реорганизирањето на составот на Одбраната, обемноста на материјалот или пак потребата да се " прочешла досието", претставуваат основана причина за продолжување на временскиот рок за доставување на поднесоци;[9]

**СО ОГЛЕД НА** тоа дека Обвинителството понатаму тврди дека и во случаи кога под слични околности биле одобрени продолжувања на временските рокови за поднесување на жалбени поднесоци во поранешни предмети, тие продолжувања предвидувале временски ограничувања и дека во овој предмет доделеното време е доволно;[10]

**СО ОГЛЕД НА** тоа дека временските рокови на Меѓународниот суд предвидени за доставување на поднесоци согласно со правилото 111(А) од Правилникот се клучни за да се обезбеди навремена подготовка на предметот;

**ИМАЈЌИ ПРЕДВИД** дека во одлуката кон Првото барање за продолжување на временскиот рок се отфрлува истото бидејќи реорганизирањето на составот на одбраната не претставува основана причина согласно со правилото 127 од Правилникот, како и поради тоа што Тарчуловски не изнел основана причина за одложување на датумот за доставување на Жалбениот поднесок за 75 дена од датумот на доставување на македонскиот превод на Судската пресуда;[11]

---

[6] Барање, став 8 и 14.
[7] Барање, став 12.
[8] Одговор, став 1.
[9] Одговор, став 2.
[10] Одговор, став 3-4.
[11] Одлука кон Првото барање за продолжување на временскиот рок, страна 2.

**ЗАКЛУЧУВАЈЌИ,** врз основа на изнесените аргументи на страните, дека Тарчуловски би бил навистина оштетен доколку Жалбениот поднесок го достави еден застапник на одбраната којшто не е запознат со досието на предметот;

**СМЕТАЈЌИ** понатаму дека не би било во интерес на правдата и ефикасноста на водењето на судската постапка доколку се доставaт два одделни Жалбени поднесоци во овој предмет (едниот од страна на поранешниот главен застапник на одбраната на 23. октомври 2008 и вториот дополнително доставен од страна на новоназначениот состав на одбраната), или пак се принудат новоназначените бранители да го аргументираат предметот во тек на жалбената постапка врз основа на жалбениот поднесок подготвен од страна на поранешниот главен застапник на одбраната.

**СО ОГЛЕД НА** тоа дека, земајќи ги предвид сите околности, во овој предмет е изнесена основана причина согласно со правилото 127 од Правилникот;

**ИМАЈЌИ ПРЕДВИД**, сепак, дека тимот на одбраната на поднесувачот на жалбата се состои од тројца адвокати, меѓу кои и поранешниот главен застапник на одбраната;[12]

**СО ОГЛЕД НА** тоа дека поранешниот главен застапник на одбраната останува на овој предмет поради континуитет и консултирање;[13]

**СО ОГЛЕД НА** тоа дека новоназначениот главен застапник на одбраната се надева дека ќе има можност да се сретне со Тарчуловски во почетокот на ноември 2008;[14]

**ИМАЈЌИ ПОНАТАМУ ПРЕДВИД** дека одредувањето на временскиот рок за доставување на Жалбениот поднесок во овој предмет има за цел да не го оштети Тарчуловски, како и земајќи го предвид фактот дека новиот тим на одбраната на поднесувачот на жалбата беше назначен на 10. октомври 2008 како и фактот дека македонскиот превод на Судската пресуда би требало да е готов до 1. декември 2008;[15]

**ПОРАДИ ГОРЕНАВЕДЕНИТЕ ПРИЧИНИ**

**ДЕЛУМНО ГО ОДОБРУВА** ова барање; и

**НАРЕДУВА** Жалбениот поднесок да се достави до 12. јануари 2009.

Составено на англиски и на француски, при што англискиот текст е меродавен.

/своерачен потпис/
Судија Фаусто Покар
Претседател на Жалбениот совет

На ден, 22. октомври, 2008 година
Во Хаг,
Холандија.

/печат на Меѓународниот суд/

---

[12] Одлука [на заменик-Секретарот на Меѓународниот суд], 10. октомври 2008, страна 2.
[13] Барање, став 3.
[14] Барање, став 9.
[15] Барање на Тарчуловски за продолжување на временскиот рок за доставување на жалбен поднесок, 1 октомври. 2008, став 5.